Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија во 2026 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа информатичката технологија во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 17/25) се врши изменување и тоа:

1. Во глава II. „Активности“ во табеларниот приказ во колона Е0

- во точка 5 „Набавка на ГИС услуги за Општина Велес и модул за автоматско генерирање на Извод од план“ износот од 1.300.000 денари се заменува со 800.000

- во делот – Вкупно износот од „5.150.000“ се заменува со износот „4.650.000“.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Со предложените измени на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија во 2026 година се предвидува намалување на финансиските средства во вкупен износ од 500.000,00 денари.

Измената се предлага од причина што активноста предвидена во точка 5 „Набавка на ГИС услуги за Општина Велес и модул за автоматско генерирање на извод од план“ нема да се реализира во целост, односно нема да се изврши набавка на модулот за автоматско генерирање на извод од план.

Ослободените финансиски средства во износ од 500.000,00 денари се пренаменуваат за реализација на активности предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година.

	Активности на Општина Велес за 2026 година	
	НАЗИВ	**Предвидени средства**
ЕА	**Набавка на софтвер и хардвер**	
1.	Набавка на информартичка опрема (компјутери, сервери, принтери, мрежна опрема,)	800.000
2.	Набавка на софтвер и лиценци SQL/ VEEAM)	300.000
3.	Проширување на видео надзор на територија на Општина Велес	1.000.000
Е0	**Тековно одржување**	
1.	Тековно одржување или надградби на хардвер и системски софтвер (Server, Exchange, SQL, ISS)	700.000
2.	Тековно одржување на принтери и докуп на гаранции	300.000
3.	Тековно одржување на агрегат	150.000
4.	Трошоци за одржување на апликации од трети лица, хостирање и хостирани услуги (gohost / marnet / edusoft / mbs / foxit …)	600.000
5.	Набавка на ГИС услуги за Општина Велес и модул за автоматско генерирање на Извод од план	800.000
	Вкупно	**4.650.000**